**НСК – КО бр.3/17**
**Скопје, 29.06.2017 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД Скопје I Скопје**
**- Одделение за организиран криминал и корупција -**

**I.**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 9 во врска со член 319 став 1 од Законот за кривична постапка и член 5 став 4 алинеја 5 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам:

**О Б В И Н И Т Е Л Е Н   А К Т**

**ПРОТИВ:**

**1. Г.Ј.,** од татко С., мајка В., родена на ... година во О.Р.М., со ЕМБГ ..., живее во С.Р.М., со завршено високо образование доктор на науки од областа на безбедноста, мажена, државјанин на РМ, по националност Македонка, со број на лична карта ... издадена од МВР, неосудувана, се водат и други постапки за други кривични дела против неа, се брани од слобода и

**2. Ѓ.П.,** од татко М., мајка С., роден на ... година во С.Р.М., со ЕМБГ ..., живее во С.Р.М., со завршено високо образование дипломиран правник, женет, татко на едно полнолетно дете, државјанин на РМ, по националност Македонец, со број на лична карта ... издадена од МВР, неосудуван, се води и друга постапка за друго кривично дело против него, се брани од слобода.

**II.**

Врз основа на чл.39 ст.2 ал.9 в.в. со чл.469 од Законот за кривичната постапка и чл.5 ст.4 ал.5 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам:

## О Б В И Н И Т Е Л Е Н   П Р Е Д Л О Г

**ПРОТИВ:**

**Н.Г.**, од татко Т., мајка Н., роден на ... година во С.Р.М., со ЕМБГ ..., живее во С.Р.М., со завршено високо образование магистер по економски науки од областа на монетарната економија, женет, татко на две малолетни деца, државјанин на РМ, по националност Македонец, со број на лична карта ... издадена од МВР, неосудуван, се водат и други постапки за други кривични дела против него, се брани од слобода.

**ЗАТОА ШТО:**

Во периодот од  Февруари 2012 г. до крајот на Октомври 2012 г. во ..., обвинетиот Н.Г. како службено лице со искористување на своето реално влијание и службена положба побарал од обвинетата Г.Ј. - службено лице министер да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа да се спроведе јавна набавка во која Министерството ќе купи ново блиндирано патничко моторно возило од марката Мерцедес модел С 600 Гард така што во постапката да се фаворизира економскиот оператор М.А. ДООЕЛ С.-генерален застапник и дистрибутер на возилата од марката Мерцедес во РМ, па обвинетата Г.Ј. за да го исполни барањето на обвинетиот со умисла го поттикнала обвинетиот Ѓ.П. да стори кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, кој што од обвинетата Г.Ј. писмено бил овластен како помошник на министерот да спроведува постапки за јавни набавки во Министерството и на кого со решение бр.... од 08.02.2012 година од министерот целосно му биле пренесени овластувањата за спроведување на јавните набавки, така што тој да ја искористи својата службена положба и овластувања, при вршење на јавни набавки, незаконски да го повласти-фаворизира економскиот оператор М.А.ДООЕЛ С. и да се набави такво возило, па за да го исполни барањето на обвинетата Г.Ј., обвинетиот Ѓ.П. како службено лице помошник на министерот за Секторот, при вршење на јавни набавки, прибавил за економскиот оператор М.А.ДООЕЛ С. корист што се состои од доделување на договор за купопродажба, сервисирање и одржување на блиндирано патничко моторно возило марка Мерцедес модел С 600 Гард, така што на 03.04.2012 г. донел одлука за јавна набавка на стоки Дб... од 03.04.2012 г. каде проценета вредност на набавката е 30.750.000 денари или 500.000 евра без вклучен ДДВ, а предмет на набавката е блиндирано патничко моторно возило со највисока заштита VR6/VR7 каде во спецификацијата на возилото во тендерската документација бр... од 03.04.2012 г., со цел во постапката да нема конкуренција економскиот оператор М.А.ДООЕЛ С., а и за фаворизирање на истиот, имало повеќе технички спецификации што се однесуваат за возилото Мерцедес С 600 Гард кои упатуваат на конкретно производство и трговски марки (регистрираните трговски марки од производителот на возилата Мерцедес – Д.АГ од Г. и тоа: AIRMATIC, SPEEDTRONIC, PRE-SAFE, THERMOTRONIC, COMAND, DISTRONIC PLUS, GUARD и Night View Assist) и без да биде наведено дека можат да се дадат и понуди со други спецификации кои се еквивалентни на наведените во тендерската документација со што постапил спротивно на чл.36 од Законот за јавните набавки, па поради условите и техничките спецификации што биле дадени во тендерската документација во текот на постапката бр... само економскиот оператор М.А.ДООЕЛ С. дал понуда на 15.05.2012 г. и бил единствен понудувач, па потоа обвинетиот Ѓ.П. иако бил свесен за незаконското фаворизирање на економскиот оператор и за нерационалното

искористување на средствата на министерството, на 30.05.2012 г. донел одлука бр... за избор на најповолна понуда, и на 11.06.2012 г. е склучен договорот за јавна набавка заверен со бр... од 11.06.2012 г. од М.А.ДООЕЛ С. и бр... од 08.06.2012 г. од Министерството со вредност на договорот од 29.852.542 денари додадено и ДДВ во износ од 5.373.458 денари, каде потписник за Министерството е обвинетиот Ѓ.П., а потписник за М.А.ДООЕЛ С. е сведокот З.М.и врз основа на договорот од Министерството на М.А.ДООЕЛ С. заклучно со 29.10.2012 г. му било исплатено вкупно 35.226.000 денари, иако обвинетите знаеле дека набавка на такво ново возило било вонредно скапо, во услови на намалена економска и куповна моќ на министерството, а иако јавната набавка била спроведена како да е за потребите на Министерството, обвинетата Г.Ј. го поттикнала обвинетиот Ѓ.П. да го стори кривичното дело за да потоа возилото од Министерството се даде на користење и на обвинетиот Н.Г. што сакал да користи такво ново блиндирано патничко моторно возило, но не сакал во јавноста да се дознае дека тој како службено лице користи такво луксузно возило.

Со што обвинетата Г.Ј. од ... сторила кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.23 од КЗ, обвинетиот Ѓ.П. сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 од КЗ и обвинетиот Н.Г. сторил кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.2 од КЗ.

Поради што,

ПРЕДЛАГАМ

Основниот суд ... I ... како стварно и месно надлежен, согласно член 25 и член 26 од Законот за кривична постапка и член 30 и член 32 од Законот за судовите, да закаже и одржи главна, јавна и усна расправа на која ќе се повикаат:

1.Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

2.Обвинетите:

-Г.Ј. од С.Р.М. и нејзиниот бранител адвокат Петар Василев
-Ѓ.П. од С.Р.М. и неговиот бранител адвокат БороТасевски и
-Н.Г. од С.Р.М.

3.Сведоците: ...

**Обвинителниот акт се темели на следните докази:**
**(описот на доказите во оригиналното обвинение е содржан од стр.4 до стр.9)**

По одржаната главна, јавна и усна расправа обвинетите да се огласат за виновни и осудат согласно законот.

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела**
**поврзани и кои произлегуваат од содржината**
**на незаконското следење на комуникациите**
**Катица Јанева**